СОВЕТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО

Бр. 08- 2227/2

20.09.2023 година

К и ч е в о

# З А П И С Н И К

Од одржаната 25-та редовна седница на Советот на Општина Кичево на ден 20.09.2023 година во просториите на Советот на Општина Кичево со почеток во 10 часот и 20 минути

Седницата во 10 часот и 20 минути ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Кичево Скендер Џабири, а присутни беа и советниците: Ќамер Клоси, Дренуше Далипи, Валбона Адили Емини, Агим Садику, Абдула Сејдини, Филип Митрески, Михајло Данилоски, Виолета Спасеноска, Лазе Јакимоски, Олгица Попоска, Игор Стојаноски, Даниела Попоска, Анто Трајаноски, Тефик Лутвиу, Арѓент Асани, Валентина Лазаревска, Иванчо Божиноски, Виктор Алексоски, Рамазан Зулбеари, Фортеса Сејдини и Сибел Туфекџи.

Отсутен беше советникот Миѓен Зендели.

На седницата беа присутни и Бујар Весели, Анета Настеска-секретар и Игор Пејоски-преставници од општинската администрација, директорите на : ОСУ ,,Дрита'' Кичево, ОСУ ,,Мирко Милески'' Кичево, ОУ ,,Кузман Јосифоски-Питу'' Кичево, ОУ ,,Христо Узунов'' Другово, ОУ,,Реџо Рушит Зајази'' Зајас, ОУ ,,Милто Гура'' Стрелци, ОУ ,,Наим Фрашери'' Јагол Доленци, ОУ ,,Герг Кастриоти Скендербеѓ'' Србица, ОУ ,,Фаик Коница'' Грешница, заменик

директорот на ОУ ,,Санде Штеријоски'' Кичево, директорот на Работнички универзитет ,,Крсте Мисирков,, , претставник од ЈП,,Комуналец " Кичево.

**<u>Претседателот на советот</u>** за оваа седница го предложи следниот:

**<u>Д Н Е В Е Н Р Е Д</u>**

1. Предлог- Одлука за пренамена на средства во Буџетот на Општина Кичево за 2023 година.

2. Предлог –Одлука за исплата на котизација на фудбалски клубови за сезона 2023/2024 г. од Општина Кичево кои се натпреваруваат во 3-та лига- Запад.

3. Извештај за финансиско работење за втор квартал од 01.01.2023 до 30.06.2023 година на ЈП ,, Комуналец" Кичево.

4. Предлог- Одлука за усвојување на Извештај за проценета штета од други несреќи- Пожар бр.06-464/2 од 28.02.2023 г.

5. Предлог- Одлука за усвојување на Извештај за проценета штета од други несреќи- Пожар бр. 06-465/2 од 28.02.2023 г.

6. Предлог Одлука за усвојување на Извештај за проценета штета од други несреќи- Пожар бр.06-466/2 од 28.02.2023 г.

7. Предлог –Одлука за усвојување на Извештај за проценета штета од други несреќи- Пожар бр.06-467/2 од 28.02.2023 г.

8. Усвојување на Годишни Програми за работа на средните и основните училишта на територијата на Општина Кичево:

-ОСУ ,,Дрита'' Кичево

- ОСУ ,,Мирко Милески'' Кичево

-ОУ ,,Санде Штеријоски'' Кичево

-ОУ ,,Кузман Јосифоски- Питу'' Кичево

-ОУ ,,Христо Узунов'' Другово

-ОУ,,Реџо Рушит Зајази'' Зајас

-ОУ ,,Милто Гура’’ Стрелци

-ОУ ,,Наим Фрашери’’ Јагол Доленци

-ОУ ,,Герг Кастриоти Скендербег’’ Србица

- ОУ ,,Фаик Коница’’ Грешница.

9. Предлог- Одлука за отпочнување на реконсрукција на првото училиште на македонски јазик на територијата на Република Северна Македонија во село Подвис.

10. Усвојување на Годишен План за нови вработувања за 2024 г. и Балансер на Работнички универзитет ,,Крсте Мисирков,, Кичево.

11.Разно.

Пред да се усвои дневниот ред Претседателот на советот информира дека има измена на дневниот ред со три нови точки кои ќе ги образложи секретарот, а не биле ставени во дневниот ред поради тоа што од ЗЕЛС стигнал допис во врска со нив по испраќањето на материјалите за седница.

Потоа, претседателот ги стави на усвојување Записниците од 23-та седница на советот одржана на 18.07.2023 г. и 24-та седница на советот одржана на 11.08.2023 г.

**Агим Садику**- Информира дека записникот треба навремено да се изготвува и од секоја предходна седница треба да се става на усвојување на секоја следната седница, бидејќи можело да се заборави кој што кажал.

Претседателот на советот потврди дека е така.

**Валентина Лазаревска**- Информира дека има забелешка во записникот од 23-та седница кај гласањето на 4-та точка требало да се додаде: ,,дека Валентина Лазаревска се изема од гласање, бидејќи е вработена во тоа училиште,, , а во 15 точка после натпреварот од Математика да се додаде и ,,Природни науки“.

Претседателот на советот го стави на усвојување Записникот од 23-та седница на советот одржана на 18.07.2023 г. со дадените забелешки и истиот се усвои со 22 гласа ЗА, ПРОТИВ (нема), ВОЗДРЖАНИ (нема).

**Михајло Данилоски**- Информира дека во Записникот од 24-та седница има забелешка, кај втората точка требало да стои дека бил против пренамената, бидејќи на истата пренамена на некоректен и шверцерски начин од страна на секторот за финансии на чело со главниот и одговорен уредник Бурим Кадриу се обезбедени средства за објектот во Иванидол, за кој изрично сум против, а сите тука знајме кој е за помош на граѓаните, а кој е за повискои даноци, за објекти против волјата на граѓаните.

**Валентина Лазареска**- Информира дека во записникот од 24-та седница има забелешка кај 4-та точка каде треба да стои: ,,во вака формулираната Одлука се дава финансиска помош за учениците, а не за училиштата" и побара тоа да се измени.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Записникот од 24-та седница на советот одржана на 11.08.2023 г. со дадените забелешки и истиот се усвои со 22 гласа ЗА, ПРОТИВ (нема), ВОЗДРЖАНИ (нема).

**Претседателот на советот** истакна дека дневниот ред се дополнува со следните точки:

1.Одлука за измена на Правилникот за пресметка на плати на Јавните службеници во Општина Кичево

2.Одлука за измена на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2023 година.

3.Одлука за измена на Правилникот за утврдување на плати, додатоци на плати и надоместоци на вработените во ТППЕ Кичево кои имаат статус на овластени службени лица од областа на безбедноста.

**Секретарот на општината**- Информира дека во 9-та точка од дневниот ред по зборовите отпочнување треба да стои: ,,постапка за,, , па ,,реконструкција на...,,. Истакна дека Општиот колективен договор бил изменет во јуни месец и се очекувало дека ќе има и законско решение за тоа и дека тие 10% ќе бидат вметнати во Закон за јавни и државни службеници. Од страна на ЗЕЛС добиен е допис дека општините сами со Правилник требало да го решат тоа, па затоа било со задоцнување. Се менувал само бодот, а другото останува исто.

**Валентина Лазарески**- Информира дека усвојувањето на Годишните програми на основните и средните училиштата треба да биде во посебни точки. Истакна дека за основните училишта Програмите требало да се донесат до 31 Август, бидејќи ако не се донеселе до тој рок ќе се сметало дека се усвоени. За средните училишта Програмите требало да се донесат до 30 Септември. Предложи 8-ма точка да биде: Усвојување на Годишни Програми за работа на средните училишта на територијата на Општина Кичево: ОСУ ,,Дрита'' Кичево и ОСУ ,,Мирко Милески'' Кичево, а 9-та точка да биде: Усвојување на Годишни Програми за работа на основните училишта на територијата на Општина Кичево: -ОУ ,,Санде Штеријоски''Кичево, ОУ ,,Кузман Јосифоски- Питу'' Кичево, ОУ ,,Христо Узунов'' Другово, ОУ,,Реџо Рушит Зајази'' Зајас, ОУ ,,Милто Гура'' Стрелци, ОУ ,,Наим Фрашери'' Јагол Доленци, ОУ ,,Герг Кастриоти Скендербег'' Србица и ОУ ,,Фаик Коница'' Грешница.

**Агим Садику**- Информира дека има забелешка за првата точка од дневниот ред, бидејќи не поминала на Комисија за финансии, бидејќи не се одржала. Исто така на комисија требало да поминат и точките за плати, па затоа предложи тие точки да се повлечат од дневен ред , да се анализираат и да се стават на дневен ред за следната седница. Истакна дека е револтиран, бидејќи не се доставувале навреме материјалите, туку еден час пред седница, а не 7 дена пред седница. Побара де се почитуваат Деловникот и Статутот и да се работи врз основа на нив. Точките требало прво да поминат на комисија, па да одат на совет, затоа побара нивно повлекување.

**Претседателот на советот**- Информира дека забелешката на Агим е на место. Но, се работело за една точка и вината можеби е негова, бидејќи не известил за да се закаже комисија.

Потоа, **Претседаелот на советот** го стави на усвојување предлогот на Агим да се повлече првата и трите новопредложени точки од дневниот ред и истиот не се усвои со 5 гласа ЗА. 7 гласа ПРОТИВ. 8 гласа ВОЗДРЖАНИ.

Претседателот на советот го стави на усвојување предложениот дневен ред за денешната седница, дополнет со трите нови точки и истиот се усвои со 18 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 4 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**1.ПРВА ТОЧКА**: Предлог- Одлука за пренамена на средства во Буџетот на Општина Кичево за 2023 година

**Бујар Весели**- Информира дека измената била во основниот Буџет и се работело за пренамена на средства  за изградба на паркови за деца во износ од 305.000 денари. Едниот парк ќе бил кај мостот кај болницата, другиот кај автопатот на кај Раштани и третиот кај кружниот кај ,,Лопушник,,.

**Абдула Сејдини**- Информира дека сме единствен град во Македонија кој нема парк и дека веќе две години се носи Програма за градење на паркови, сигурно досега за 20-тина паркови, праша колку од нив се изградени.

**Претседателот на советот**- Информира дека нема податок, а сега со тоа се планирало изградба на 3 паркови. Имало повик за нив и сега поради недостаток на средства се правела оваа измена во буџетот, за да се обезбедат средства.

**Абдула Сејдини-** Информира дека тоа е сведоштво дека не се изградени 20 паркови и  праша кои се фирмите кои конкурирале на повикот.

**Претседателот на советот**- Информира дека не бил во комисија и не знаел.

**Абдула Сејдини**- Информира дека секоја програма што се носела во буџетот не се реализирала. Сега се ветувало дека ќе се изградат 3 парка, а каде се останатите. Праша дали сигурно ќе се изградат трите парка за дваипол месеци, бидејќи другите не се изградиле за две години.

**Игор Стојаноски**-Информира дека од дискусијата добил одговор дека ќе се граделе 3 парка, но била донесена Програма да се изградат 20 парка. Тој бил да се изградат 30, а не 3 парка. Истакна дека до сега требало да бидат изградени, бидејќи временските услови ќе бидат полоши. Дваесет години немало паркови, а сега требало да се направи пренамена на средства кои фалат. Предложи подобро да биле 2 наместо 3 парка, ама да бидат добро изградени.

**Валбона Адили Емини**- Праша каде конкретно ќе се гради паркот кај болницата.

**Претседателот на советот**- Информира дека тој ќе се градел спроти новата општина.

**Лазе Јакимоски**-Информира дека Програмата е донесена веќе две години и ништо не било реализирано, а сега неможело да се изградат заради 5 илјади евра. Неизградена била оставена и спортската сала Јанчица каде се било искрадено. Изградбата на парк кај болницата било нова локација и за неа не се расправало на комисија. Праша Одлуката за Буџетот на кој јазик е пишувана, бидејќи имала многу запирки,точки , загради и.т.н. и предложи да се воведе ред за тоа во изготвувањето на Одлуките.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог- Одлуката за пренамена на средства  во Буџетот на Општина Кичево за 2023 година и истата не се усвои со 11 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 11 гласа ВОЗДРЖАНИ .

**2.ВТОРА ТОЧКА**: Предлог – Одлука за исплата на котизација на фудбалски клубови за сезона 2023/2024 г. од Општина Кичево кои се натпреваруваат во 3-та  лига- Запад

**Секретарот** информира дека нема информации за таа точка, а поради оправдано отсуство на Валдет, збор зеде:

**Абдула Сејдини-** Информира дека бил во тек со тоа и накратко ќе објаснел. Истакна дека потребно било секој фудбалски клуб на почетокот да плати котизација за натпреварување. Во Кичево биле три клуба и сумата била 75.000 денари. Се работело за трета лига и незнаел дали навреме е направено или е задоцнето.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог –Одлуката за исплата на котизација на фудбалски клубови за сезона  2023/2024 г. од Општина Кичево кои се натпреваруваат во 3-та  лига- Запад и истата се усвои со 21 глас ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДЖАНИ (нема).

Претседателот на советот даде пауза од 10 минути.

По паузата  се премина на :

**3.ТРЕТА ТОЧКА**: Извештај за финансиско работење за втор квартал од 01.01.2023 до 30.06.2023 година на ЈП ,, Комуналец“ Кичево

**Претсавникот од ,,Комуналец,,**- Детално го образложи Извештајот и информира дека во тој временски период се во добивка од 2 милиони и 800 илјади денари.

**Агим Садику**- Информира дека го разгледал Извештајот и дека немало разлика од тој од 30.03 2023 година и праша дали тој е за три, два или еден период или пак за две тромесечја. Од Извештајот требало да се направи споредба и разлика меѓу двете тромесечја. Истакна дека не му било јасно кај расходите.

**Претставникот од ,,Комуналец**,,- Информира дека биле јасно обележани резултатите. Извештајот бил изработен врз основа на инструкциите на ревизиите и тој бил комулативен до 30.06.2023 г.

**Агим Садику**- Информира декеа точката била за втор квартал, а немало евиденција во бројки за него.

**Претставникот од ,,Комуналец-** Истакна дека Извештајот бил направен врз основа на инструкциите од државната инспекција.

**Агим Садику**- Информира дека Извештајот требало да биде за 3, а не за 6 месеци. Истакна дека тој треба да се подобри, за да можат да го разберат сите. Едниот да биде до 30 Март, а другиот од 01 Април 2023 година, а потоа да се направи комулативен.

**Претставникот од ,,Комуналец-** Информира дека ако бараат така, од сега така ќе се изготвува и дека до сега немале забелешки за него од инспекциите.

**Агим Садику**- Информира дека се работи за Извештај за втор квартал, како што имале за прв квартал. Потоа може да се изготви комулативно, исто така немало извештај за приходите и расходите и процентот на реализација. Праша кај расходите во ставките 47 и 449 кај адвокатски и други расходи, 600.000 денари за какви работи и предмети се дадени на адвокатите.

**Претсавникот од ,,Комуналец**,,- Информира дека тие се средства за адвокатските услуги и дека правниот сектор имал евиденција за клиентите и нивните долгови и извршувањата на долговите кај ,,Комуналец,,

**Агим Садику**- Информира дека долговите не биле намалени. Истакна дека имале информација дека ,,Комуналец,, е блокиран за одредена сума, праша за која сума и ако бил одблокиран, како било сторено тоа. Праша дали вработените ќе земаат плата или не. Потребно е да се почитува законот и општината како основач има одговорност за тоа.

**Претставникот на ,,Комуналец,,** -Информира дека тука бил за извештајот, а не за општи податоци кои не биле во негова надлежност. Истакна дека платите и придонесите на вработените биле платени до сега.

**Агим Садику-** Истакна дека како преставник тој морал да даде образложение и за тоа**.**

**Претставникот на ,,Комуналец,,-** Информира дека до 30.06.2023 г. немало никакви блокади кон ,,Комуналец,,

**Агим Садику-** Информира дека како основачи треба да ја знаат состојбата на претпријатието. Имало реакции кај граѓаните дека на секои два месеци им идело плаќање за кај извршител.

**Абдула Сејдини-** Праша што се случува со ,,Комуналец,, , бидејќи секогаш се велело дека е во добивка, а сега е блокиран со долгот кон ,,Студенчица,,. Праша зошто не се почитувала Спогодбата која била склучена 2014 година.

**Претставникот на ,,Комуналец,,** - Информира дека претпријатието по вториот квартал е во потешкотии, а до тогаш се било како што е наведено во извештајот. Долгот бил од пред 2013 г. Дел бил исплатен и е намален. Истакна дека како основачи можеле да преземат мерки и да побараат ликвидација на долгот до 2013 г.

**Абдула Сејдини-** Истакна како тие да бараат ликвидација кога имало Спогодба со ,,Комуналец,, и дополнителна спогодба до крајот на 2023 г. за продолжување на долгот за исплата.

**Претставникот на ,,Комуналец,,** - Информира дека со покачување на цената на водата се зголемувал и долгот за исплата.

**Абдула Сејдини-** Информира зошто не е реализирана Спогодбата од 2014 година, а сега имало зголемување на долгот. Истакна дека двапати се зголемила цената на водата, отпадоците и.т.н. и праша дали е тоа подготовка за ново зголемување на цената на водата и комуналните услуги. Информира дека бројот на членови на Управниот одбор е 7, а според Статутот било 5 и потребно било да се измени Статутот. Праша колкав е долгот кон ,,Студенчица,,.

**Претставникот на ,,Комуналец,,**- Информира дека долгот до 30.06.2023 г. бил 17 милиони.

**Абдула Сејдини-** Информира дека биле шампиони со долгот и биле пред Пласница и Другово.

**Лазе Јакимоски**- Праша ако претставникот од ,,Комуналец,, , кој е Раководител на финансиски сектор не знае, кој треба да знае и требало да ги информираат дека претпријатиeто е блокирано. Барал да преземат мерки. Ако било блокирано после 30.06.2023 г., рамковно е блокирано и ќе имало камати за тоа. Праша зошто се прават дополнителни трошоци. Направен бил договор со правно лице за чување машина за балирање од илјада и петстотини евра и анекс од 65 илјади намалување, а биле предвидениo 3 други локации.

**Претставникот од ,, Комуналец,,** - Истакна дека советникот сам потврдил дека до 30.06.2023 г. не било блокирано претпријатието. Побара да се свика седница и за тоа да кажеле надлежните. Тој бил за финансиско работење., а не за јавни набавки. До 30.06.2023 г. се било кажано како треба.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Извештајот за финансиско работење за втор квартал од 01.01.2023 до 30.06.2023 година на ЈП ,, Комуналец" Кичево и истиот се усвои со 11 гласа ЗА. 7 гласа ПРОТИВ. 2 гласа ВОЗДЖАНИ. Михајло Данилоски не гласаше, бидејќи е вработен во тоа претпријатие.

**4.ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Предлог- Одлука за усвојување на Извештај за проценета штета од други несреќи- Пожар бр.06-464/2 од 28.02.2023 г.

**Игор Пејоски**- Информира дека 4-та, 5-та и 6-та и 7-та точка се за процена на штета од пожар првата и третата за штала, колиба, втората за овоштарник и четвртата за куќа. Истакна дека биле изработени збирно и испратени во Влада, а од таму побарале да се издвојат посебно и да поминат на совет за да можат да се исплатат.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог- Одлуката за усвојување на Извештајот за проценета штета од други несреќи- Пожар бр.06-464/2 од 28.02.2023 г. и истата се усвои со 20 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДЖАНИ (нема).

**5.ПЕТТА ТОЧКА**: Предлог- Одлука за усвојување на Извештај за проценета штета од други несреќи- Пожар бр. 06-465/2 од 28.02.2023 г.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог- Одлуката за усвојување на Извештајот за проценета штета од други несреќи- Пожар бр. 06-465/2 од 28.02.2023 г. и истата се усвои со 20 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДЖАНИ (нема).

**6.ШЕСТА ТОЧКА:** Предлог Одлука за усвојување на Извештај за проценета штета од други несреќи- Пожар бр.06-466/2 од 28.02.2023 г.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за усвојување на Извештајот за проценета штета од други несреќи- Пожар бр.06-466/2 од 28.02.2023 г. и истата се усвои со 21 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДЖАНИ (нема).

**7.СЕДМА ТОЧКА**: Предлог –Одлука за усвојување на Извештај за проценета штета од други несреќи- Пожар бр.06-467/2 од 28.02.2023 г.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог –Одлуката за усвојување на Извештаотј за проценета штета од други несреќи- Пожар бр.06-467/2 од 28.02.2023 г. и истата се усвои со 21 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДЖАНИ (нема).

Се премина на:

**8.ОСМА ТОЧКА**: Усвојување на Годишни Програми за работа на средните училишта на територијата на Општина Кичево: ОСУ ,,Дрита’’ Кичево и ОСУ ,,Мирко Милески’’ Кичево

**Директорот на ОСУ ,,Дрита,,** - Информира дека во училиштето има 537 ученика во 38 паралелки, 80 професори и 20 стручен персонал. Истакна дека објектот на Гимназијата е во реновирање и сега наставата се изведува во Тетовскиот универзитет и во Интернатот. Предвидено било да се реновира и спортската сала за која имало проект.

**Абдула Сејдини-** Даде корекција за тоа што во Програмата пишувало 542 ученика, а директорот кажал 537.

**Директорот на ОСУ ,,Дрита,,** -Информира дека е направена техничка грешка и дека бројот бил 537.

**Абдула Сејдини** - Побара подетално објасување за реконструкцијата на објектот која е започната во јуни, а рокот бил до 1-ви Декември 2023 г., дали ќе завршела до тогаш според динамиката на работите.

**Директорот на ОСУ ,,Дрита** -Информира дека тешко до тогаш да се завршат работите, Договорот со факултетот бил до 1-ви февруари со можност да се продолжи.

**Абдула Сејдини** - Се заблагодари за искреноста и праша како се одвива наставата во Тетовскиот универзитет и часовите за спорт.

**Директорот на ОСУ ,,Дрита** - Информира дека се вршело спојување на 2 или 3 класа , бидејќи нивниот број е 10-15 ученици во еден клас и наставата нормало се одвивала. Во врска со спортот се во преговори со касарната која има спортска сала или наставата ќе се одвива во спортската сала во Иванидол, со тоа што учениците ќе се транспортирале таму еднаш до двапати неделно. Истакна дека тоа требало да се уреди до крајот на Септември, за да почне да се спроведува од Октомври.

**Валбона Адили Емини**-Праша дали со реновирањето на училиштето ќе се реновира и покривот и ќе се стават соларни панели.

**Директорот на ОСУ ,,Дрита** – Информира дека ако бидат поставени панели, еден дел од електричната енергија ќе го плаќа компанијата која ќе ја избере општината. Каков Договор ќе склучи општината така ќе биде, Општината е основач.

**Лазе Јакимоски-** Даде забелешка на програмата и праша на кој јазик е пуштена до советниците, бидејќи имала многу загради, запирки и.т.н. и била неразбирлива.

**Директорот на ОСУ ,,Дрита** - Истакна дека тоа е така можеби поради фондот, било техничка грешка и ќе се потрудат да ја исправат.

**Валентина Лазаревска**- Информира дека треба да се внимава на содржината, а не само на формата на програмата. Немало календар на активности за оваа година.

**Директорот на ОСУ ,,Дрита** - Истакна дека ќе внимаваат.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Годишната Програма за работа на средното училишта на територијата на Општина Кичево ОСУ

,,Дрита'' Кичево и истата се усвои со 21 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДЖАНИ (нема).

**Директорот на ОСУ,,Мирко Милески,,-**Информира дека програмата поминала на Училишен одбор и им е доставена на советниците во електронска форма. Бројката на учениците во прва година варирала, бидејќи се уште се запишуваат ученици. Истакна дека има 55 паралелки од кои 14 турски. Наставата се одвивала во пет струки и во моментот имало 831 ученик. Наставата се одвивала во три објекти, поради реновирањето на гимназијата и тоа на Правниот факултет, Интернатот, а турските паралелки настава држеле во објектот на Гимназијата. Со Правниот факултет имале Договор до 1-ви Февруари 2024 г. Информира дека училишната зграда – Гимназијата била изградена во 1952 година.

**Валбона Адили Емини**- Праша каде и како се сместени и распоредени педагошката и психолошката служба, бидејќи немало дисциплина кај учениците во интернатот.

**Директорот на ОСУ,,Мирко Милески,, -**Информира дека таму имало најголем број на ученици. Во педгошко-психолошката имало 4-5 луѓе и тие ротирале по 2 неделеи во сите згради.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Годишната Програма за работа на средното училишта на територијата на Општина Кичево ОСУ ,,Мирко Милески'' Кичево и истата се усвои со 21 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДЖАНИ (нема).

Претседателот на советот даде пауза од 5 минути.

По паузата седницата продолжи.

**9.ДЕВЕТА ТОЧКА:** Усвојување на Годишни Програми за работа на основните училишта на територијата на Општина Кичево: ОУ ,,Санде Штеријоски'' Кичево, ОУ ,,Кузман Јосифоски- Питу'' Кичево, ОУ ,,Христо Узунов'' Другово, ОУ,,Реџо Рушит Зајази'' Зајас, ОУ ,,Милто Гура'' Стрелци, ОУ ,,Наим Фрашери'' Јагол Доленци, ОУ ,,Герг Кастриоти Скендербег'' Србица и ОУ ,,Фаик Коница'' Грешница

Претседателот на советот информира дека од здравствени причини неможе да присуствува на седница Директорот на ОУ,,Санде Штерјоски,, и за денеска овластување за седница имал Педагогот.

**Абдула Сејдини** - Информира дека согласно Законот за образование Директорот може да го заменува само Заменик Директорот и тоа важело веќе 5 годинин и предложи Педагогот да не ја образложува програмата, туку Заменик Директорот или Директорот.

**Предлогот на Абдула** Педагогот да не ја образложува Програмата **Претседателот на советот** го стави на усвојување и истиот се усвои со: 11 гласа ЗА. 7 гласа ПРОТИВ. 3гласа ВОЗДРЖАНИ.

**Предлогот на Абдула** Педагогот да ја образложува Програмата **Претседателот на советот** го стави на усвојување и истиот се усвои со: 7 гласа ЗА. 7 гласа ПРОТИВ. 3 гласа ВОЗДРЖАНИ.

Валентина Лазаревска се изема од гласање, бидејќи е вработена во ова училиште.

**Абдула Сејдини** -Предложи да дојде Директорот или Заменик Директорот и тие да ја образложат програмата.

**Директорот на ОУ,,Кузман Јосифоски Питу,,-** Информира дека е новоизбрана ВД Директорка од 18.08.2023 г, а Програмата ја изготвил предходниот Директор и таа требало да се достави до 14.08.2023 г.. Истакна дека за Програмата неможела да каже ништо, бидејќи не ја изготвила.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Годишната Програма за работа на ОУ ,,Кузман Јосифоски- Питу'' Кичево и истата се усвои со 20 гласа ЗА, Против (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**Директорот на ОУ ,,Христо Узунов'' Другово**- Информира дека Програмата е навремено изработена и доставена до Општината. Истакна дрка има 2 подрачни училишта во с. Србјани и с. Брждани. И централното во Другово. Информира дека е реновирано учулуштето во с. Србјани, но иако барала помош од општината и ,,Комуналец,, не добила. Помош добила од ,,Осломеј,,.

**Анто Трајаноски**- Праша колку ученици се запишани во прво одделение и како е обезбеден превозот на ученици во с. Цер.

**Директорот на ОУ ,,Христо Узунов'' Другово** - Информира дека во прво одделение се запишани 8 ученици, 7 во Другово и 1 во Србјани, низ Другово одело комбе кое било старо, а во Цер одела општинска кола за едно дете.

**Анто Трајаноски**- Праша колу учители има за 1 ученик во Србјани.

**Директорот на ОУ ,,Христо Узунов'' Другово** -Информира дека во Србјани имало 12 ученика и 1 учителка кои биле поделени во две паралелки согласно закон.

**Михајло Антоски**- Праша дали има реонизација при запишување на ученици**.**

**Директорот на ОУ ,,Христо Узунов'' Другово** – Информира дека има реонизација на учениците, но во законот стоело дека родителите можат да изберат каде ќе учи детето.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Годишната Програма за работа на ОУ ,,Христо Узунов'' Другово и истата се усвои со 21 гласа ЗА, Против (нема). ВОЗДРЖАНИ(нема).

**Директорот на ОУ ,,Реџо Рушит Зајас,, Зајас** - Информира дека Програмата навреме е доставена и се спроведува.

**Абдула Сејдини-** Праша каква е состојбата на спортската сала и каде се одржува физичко образование.

**Директорот на ОУ ,,Реџо Рушит Зајас,, Зајас** - Информира дека не е функционална и не работи, немало документи за неа, од предходниот Директор бил информиран дека тие биле во општината и во училиштето немало документи за неа. Истакна дека неможат да одат таму без документи.

**Претседателот на советот**- Информира дека салата била изградена од Агенцијата за млади и спорт, немала технички прием и незнаеле дали и општината има документи за неа.

**Абдула Сејдини-** Предложи да се побара технички прием за неа и да се користи.

**Агим Садику**- Побара Извештај од надлежните во ЕЛС Кичево за спортската сала до советот за тоа како се правела, зошто не се користи, од каде е почнат процесот со неа и до каде е. Праша каква е ситуацијата за упис на ученици.

**Директорот на ОУ ,,Реџо Рушит Зајас,, Зајас** - Информира дека во прво одделение имало 32 ученика или 4 плус од лани.

**Валентина Лазаревска** – Праша колкав е вкупниот број на ученици.

**Директорот на ОУ ,,Реџо Рушит Зајас,, Зајас**- Информира дека имало 292 ученика.

**Рамазан Зулбеари**-Праша кога последен пат директорот го посетил и дали имало услови за работа во **Реџо Рушит Зајас- Челиковци.**

**Директорот на ОУ ,,Реџо Рушит Зајас,, Зајас -** Информира дека бил во четвртокот, училиштето ги исполнувало условите, само немало услови за спорт**.**

**Рамазан Зулбери –** Информира дека од страна на родителите имало реакција. Имало донесено санитарии, а уште не биле монтирани. Истакна дека санитаријата во Џума била супер направена. Предложи да се појде во Челиковци да се види состојбата таму, имало влага и немало врата во ВЦ-то.

**Директорот на ОУ ,,Реџо Рушит Зајас,, Зајас** -Информира дека во Џума тоа било реализирано од родителите, а ќе се средело и во Челиковци, ќе се монтирале донираните санитарии.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Годишната Програма за работа на **ОУ ,,Реџо Рушит Зајас,, Зајас** и истата се усвои со 21 гласа ЗА, Против (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**Директорот на ОУ,,Милто Гура,, Стрелци**-Информира дека Програмата од Училишниот одбор е усвоена на 14 Август и се сроведува.

**Абдула Сејдини-** Информира дека во Програмата таксативно стоело дека просторот во с. Црвевци не ги исполнува условите за една смена и наставата се спроведувала во две смени. Праша кои се тие услови што не се исполнети.

**Директорот на ОУ,,Милто Гура,, Стрелци** -Информира дека во Програмата тоа го немало, а од 1 Септември лани, наставата се спроведува во една смена.

**Абдула Сејдини-** Информира дека веќе втора година Програмата се правела ,,копи-паст,,. Истакна дека тие ја имале конечната Програма, тоа

требало да се корегира и не требало да се толерира. Побара Програмата да се повлече од дневен ред.

**Претседателот на советот** – Информира дека се согласува со Абдула тоа биле финални Програми. Потребно било да се корегира, како основачи требало да контролираат, а не да толерираат.

**Агим Садику** - Информира дека се согласува со Абдула и сите Директори требало да се трудат да изготвуваат поефикасни програми. Побара да се повлечат или усвојат сите програми од училиштата за да бидат исти кон сите и да не навлагаат во детали, а Директорите на училиштата да внимаваат што доставуваат до нив на усвојување.

**Абдула Сејдини -** Информира дека овде зборува за ОУ ,,Милто Гура,, , но ако имало и други такви училишта ќе зборува и за нив. Истакна дека стручните служби требало да внимаваат што пишуваат, бидејќи имало учители што не се вработени во одредени училишта, а уште фигурирале. Побара такви грешки да не се прават во иднина.

**Директорот на ОУ,,Милто Гура,, Стрелци** - Информира дека тоа било техничка грешка и дека по седницата ќе прател финална верзија. Истакна може да е негова грешка што е пратено така и побара до колку може да се усвои.

**Абдула Сејдини-** Информира дека стои на тоа да се повлече Програмата.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предлогот на Абдула Програмата да се повлече од дневен ред и предлогот се усвои со 13 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 7 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**Директорот на ОУ,,Наим Фрашери,, Јагол Доленци**-Информира дека Програмата навреме е доставена.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Програмата на **ОУ,,Наим Фрашери,, Јагол Доленци** и истата се усвои со 21 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**Директорот на ОУ ,,Ѓерк Кастриоти“- Србица**- Информира дека наставата се одвива во Ново село и Србица со 83 ученици едносменски.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Програмата на **ОУ ,,Ѓерк Кастриоти"- Србица** и истата се усвои со 21 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**Директорот на ОУ ,,Фаик Коница,, Грешница**-Ја образложи програмата.

**Валбона Адили Емини-** Информира дека наставнички од тоа училиште сами копирале материјали за учениците и не се работело за Тестови , туку за Проекти.

**Директорот на ОУ ,,Фаик Коница,, Грешница-** Информира дека во училиштето имало копир и се набавувала хартија, за да може да се копира за потребите на училиштето. Побара ако имало такви лица да се кажат за да се преземат мерки.

**Претрседателот на советот**- Информира дека таму имало копир и се вршеле услуги, а ако некој од учителите не можел да чека ред и дошол во град да копира, тоа било друго.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Програмата на **ОУ ,,Фаик Коница,, Грешница** и истата се усвои со 21 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**Заменик Директорот на ОУ ,,Санде Штерјоски"-** Информира дека Програмата била од предходниот Директор. Истакна дека ново било тоа што се затворило школото кај ,,Агрокооп,, и 6 класа се транспортирани во новото училиште. Во училиштето се работело двосменски по еден месец.

**Абдула Сејдини-** Информира дека нивната Програма била ,,копи-паст,, веќе 5 години и во неа не биле сменети ни датумите со години. Во Програмата имало наведено наставници кои не работеле таму. Побара Програмата да се повлече и корегира.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предлогот на Абдула Програмата да се повлече од дневен ред и предлогот се усвои со 20 гласа ЗА. 1 глас ПРОТИВ. 1 гласа ВОЗДРЖАН.

**10.ДЕСЕТА ТОЧКА**: Предлог- Одлука за отпочнување на реконсрукција на првото училиште на Македонски јазик на територијата на Република Северна Македонија во село Подвис

**Секретарот-** Информира дека од управата за заштита на споменици имало барање да се заштити школото. Најпрво требало да се среди пристапниот пат кој не бил добар, а потоа да се направи Проект.

**Лазе Јаќимоски**- Информира дека и во предходниот состав на советот било гласано за тоа. Неколку пати било барано да се среди патот. Праша дали ако се донесе сега Одлуката , навистина нешто ќе се случело. Истакна дека сега на 23-24 Септември било јубилеј и неможеле да појдат таму.

**Секретарот**- Информира дека не е запозната дека била донесена таква Одлука, а таква Одлука немало ни во управата, можеби бил Заклучок. Истакна дека е потребно да се направи и патот и училиштето. Државата имала обезбедено дел од средствата. Доволно било да се изготви Елаборат, па Проект и така со ред.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог- Одлуката за отпочнување на реконсрукција на првото училиште на Македонски јазик на територијата на Република Северна Македонија во село Подвис и истата се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**11.ЕДИНАЕСЕТА ТОЧКА**: Усвојување на Годишен План за нови вработувања за 2024 г. и Балансер на Работнички универзитет ,,Крсте Мисирков,, Кичево

**Директорката на Работнички универзитет ,,Крсте Мисирков,,** , го образложи Годишниот план и информира дека за годинава биле предвидени вработување за три работни места.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Годишниот План за нови вработувања за 2024 г. и Балансер на Работнички универзитет ,,Крсте Мисирков,, Кичево и истиот се усвои со 17 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**12.ДВАНАЕСЕТА ТОЧКА**: Одлука за измена на Правилникот за пресметка на плати на Јавните службеници во Општина Кичево

**Претседателот на советот** -Информира дека Секретарот ги образложил следните три точки на почетокот на седницата кога беа предложени.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Одлуката за измена на Правилникот за пресметка на плати на Јавните службеници во Општина Кичево и истата се усвои со 15 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 1 глас ВОЗДРЖАН.

**13.ТРИНАЕСЕТА ТОЧКА**: Одлука за измена на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2023 година

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2023 година и истата се усвои со 16 гласа ЗА. 1 глас ПРОТИВ 1 глас ВОЗДРЖАН.

**14.ЧЕТИРИНАЕСЕТА ТОЧКА**: Одлука за измена на Правилникот за утврдување на плати, додатоци на плати и надоместоци на вработените во ТППЕ Кичево кои имаат статус на овластени службени лица од областа на безбедноста

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Одлуката за измена на Правилникот за утврдување на плати, додатоци на плати и надоместоци на вработените во ТППЕ Кичево кои имаат статус на овластени службени лица од областа на безбедноста и истата се усвои со 16 гласа ЗА. 2 гласа ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема).

**15.ПЕТНАЕСЕТА ТОЧКА**: Разно

**Лазе Јакимоски**- Информира дека во апликацијата за ученици и студенти дел од одговорите биле само на албански, а не и на македонски, истакна дека тоа можеби било техничка грешка и побара да се исправи.

Пристигнатото **Барање од Здружението на воени инвалиди и ветерани Братство** го прочита советникот Лазе Јакимоски. Во него се бара за членовите од здужението: вработување во јавни претпријатија, ослободување од данок, комунални такси, купување на рати на огревно дрво и други барања. Информира дека истото тоа барање Здружението го доставувало до сите општини.

**Валентина Лазаревска-** Праша до каде е изградбата на спортската сала во ОУ,,Кузман Јосифоски- Питу,, , бидејќи Елаборатот бил готов.

**Секретарот-** Информира дека во новиот урбанистички проект била вметната и салата. Но, дури се средувало тоа, средствата што биле наменети за неа, биле пренаменети за друга општина.

**Викор Алексоски-** Информира дека од ОУ ,,Владимир Полежиноски,, не било решено барањето за цевките и праша до каде била реконструкцијата на патот за с. Козичино.

**Секретарот** – Информира дека е разговарано со ,,Комуналец,, за цевката, а тоа до каде била реконструкцијата на патот не била информирана.

Бидејќи, никој друг не се јави за збор, а со тоа беше исцрпен Дневниот ред за оваа седница, Претседателот на Советот на Општина Кичево ја затвори Седницата на Советот во 14 часот и 50 минути.

Записничари — Советна Општина Кичево

Претседател

-Ленче Србиноска — Скендер Џабири

-Елисавета Милеска